МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број: 11-611/2
Датум: 07.02.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош изврши увид на лице место на ден 02.02.2022 година на бул.“Партизански Одреди“ бр.63а по барање на Инвеститорот “А1 Македонија“ ДООЕЛ Скопје од Скопје за поврзување на нов станбен објект.За поврзувањето на нов станбен објект потребен е зафат во должина од 5м1 на територија на Општина Карпош на бул.“Партизански Одреди“ бр.63а .

Ископот за поврзување на нов станбен објект да се изведе според технички прописи и стандардни нормативи за изведување на ваков вид на инсталации и да се изврши обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.

Ровот на делот од тротоарска подлога од бекатон да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок ,дел од ровот до потребната кота на монтажа од павер елементи да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

Врз основа на податоците на терен и добиените графички прилози за кабловската мрежа на горенаведената локација, извршена е проверка на должината дека истата изнесува 5m1.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 708,00 денари со вклучено ДДВ на име на неповратни средства за изведување на подземни инсталации.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*